Врз основа на член 173 став (1) од Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 5.2.2019 година, донесе

# О Д Л У К А

## за националните задолжителни цели за учеството на енергија произведена од обновливи извори во бруто финалната потрошувачка на енергија и за учеството на енергија произведена од обновливи извори во финалната потрошувачка на енергија во транспортот(*)[1]

### Член 1

Со оваа одлука се утврдуваат националните задолжителни цели кои треба да се постигнат до 2020 година за учество на енергија произведена од обновливи извори во:

1) бруто финалната потрошувачка на енергија и
2) финалната потрошувачка на енергија во транспортот.

### Член 2

(1) Процентуалното учество на обновливите извори на енергија во бруто финалната потрошувачка на енергија до 2020 година треба да изнесува 23%.
(2) Процентуалното учество на обновливите извори на енергија во финалната потрошувачка на енергија во транспортот до 2020 година треба да изнесува 10%.
(3) Целите од ставовите (1) и (2) од овој член треба да се постигнат со имплементирање на мерките утврдени во Акцискиот план за обновливи извори на енергија.

### Член 3

Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за целите и годишната динамика на порастот на учеството на енергијата од обновливи извори на енергија во финалната потрошувачка на енергија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 16/11).

### Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

**Бр.45-1051/1**
**5 февруари 2019 година**
**Скопје**

**ЗАМЕНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ**
**НА ВЛАДАТА НА**
**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**Оливер Спасовски**

(*)1Обврските произлегуваат од Директивата 2009/28/ЕЦ од 23 април 2009 за промоција за користење на енергија од обновливи извори

(*)1Обврските произлегуваат од Директивата 2009/28/ЕЦ од 23 април 2009 за промоција за користење на енергија од обновливи извори